Во согласност со одредбите од член 24 од Законот за здруженија и фондациите („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016), како и во согласност со одредбите од член 22 и член 27 од Статутот на Пинг-понгарската федерација на Република Северна Македонија, со ЕМБС 5134978 (во понатамошниот текст: „**Федерацијата**"), Управниот одбор на Федерацијата, на седницата одржана на 02.06.2023 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за свикување на седница на редовно собрание на Федерацијата

## Член 1

Врз основа на одредбите од член 24 од Законот за здруженија и фондациите и член 22 и член 27 од Статутот на Федерацијата, а со цел изменување и дополнување на Статутот на Федерацијата, Управниот одбор со оваа одлука свикува седница на редовно собрание на Федерацијата кое ќе се одржи на 11.06.2022 година, со почеток во 12 часот, во просториите на х. Ловен Дом во Берово.

## Член 2

Претседателот на Управниот одбор на Федерацијата ќе објави јавен повик за одржувањето на седницата на редовното собрание на Федерацијата кој ќе ги содржи следниве информации:

- датум, час и место на одржување на седницата на редовното собрание на Федерацијата;
- предлог дневен ред на седницата на редовното собрание на Федерацијата; и
- начин на кој материјалите во врска со одржување на редовното собрание на Федерацијата ќе бидат достапни за членовите на Федерацијата.

Јавниот повик за одржување на седницата на редовното собрание на Федерацијата ќе биде испратен на мејл на сите членови на Собранието и објавен на веб-страницата на Федерацијата.

## Член 3

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување

**Претседател на Управниот одбор**,

Горан Тиловски

____________________________